# Професионалниот развој на наставниците во ИТЛ проектот

ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани

Убавка Бутлеска

# Основа на професионалниот развој на наставниците

Секоја квалитетна промена на наставата е поттикната од наставникот

За имплементација на промената потребни се поддршка и постапка.

# Професионалниот развој на наставниците во нашето училиште пред и по проектот „Менторство на наставници – Наставници лидери“

- Се нудеше поддршка, но немаше постапка за ефективна примена на промените во наставата,
- Немотивирани наставници и
- Нерешителноста на наставниците да преземат нешто.

# Какви проекти се работеа:

- Проекти кои имаат развоен карактер
- Мали по обем, но може многу да променат
- Овозможуваат поврзување и напредување на наставниците
- Градат култура на возможност од квалитетни промени во наставата
- Кои даваат практични резултати
- Ја менуваат или подобруваат праксата:

  - подобрени постигања кај учениците

  - подобри начини на учење

  - подобрени начини на оценување

  - нови материјали и извори за учење

  - нови системи и процедури на поучување

# Значење

- Овој проект како овој ги „разбуди“ наставниците кои сфатија дека всушност нивна е улогата да го сменат начинот на кој работат за да имаат поквалитетна настава.
- Во овој  процес најтешко беше наставниците да се осмелат кон промена, а најлесно ја постигнавме соработката меѓу наставниците иако сметавме дека токму тоа ќе биде најтешко.
- Понатаму продолжуваме, со веќе научен начин на работа, со решителност и сигурност да се промени начинот на работа кој ќе ни дава резултати.

# Какви сме денес:

Она што денес го карактеризира нашиот колектив и тоа во најголема мера благодарение на проектот „Менторство на наставници – Наставници лидери“ е:

- **Меѓусебна соработка,**
- **Слобода да се побара помош и мислење на секој од секого,**
- **Добар пристап и насочување на наставниците почетници,**
- **Брзо екипирање на тимови кои ќе работат некој проект и**
- **Решителност да се преземе и промени нешто**

# Што научивме?

Научивме дека промените се случуваат тогаш кога наставниците **научуваат** да ги опишат, **дискутираат** за нив и кога **согледуваат** кои знаења и вештини им се потребни за воведување на промени.